**INNOVATION SCHOOL SPRUNGBRETT**

Почитувани,

Од 21.02 – 27.02 2016 година се одржа вториот практичен проект од меѓународниот проект „Иновативно училиште отскочна штица“ во Скопје, Република Македонија. Во проектот учествуваат факултети од шест држави: Швајцарија, Русија, Србија, Словенија, Босна и Херцеговина и Македонија, а генерален спонзор на проектот е фондацијата Stiftung Merkator од Швајцарија.





Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ од Скопје, беше домаќим и покровител на проектот. Темата на која работеа колегите беше реупотреба на дрвени палети во дизајнирање на мебел. Учесниците изработија четири проекти: работна маса, мулти функционален елемент за седење, лежење и спиење, кујна и елемент за седење. Покрај дизајнерските проекти, колегите изработија и маркетиншки калкулации и промоции на мебелот. Како финален производ за краткото време кое го имавме се изработени и два прототипа.





Голема благодарност изразуваме до компаниите “Feydom” и “K&D Palets” кои ни овозможија со своето гостопримство и материјална помош, овој проект да го изведеме беспрекорно.

  

Презентацијата на проектот беше изведена во кафе бар “Концепт 37“ каде учесниците ги презентираа своите проекти и идеи. Настанот беше медиумски следен од Македонската Телевизија.

Со почит,

Проф.  д-р Владимир Каранаков


*Координатор на проектот за Македонија,*

*Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер,*

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*

*Р. Македонија*